БАС
Бизнис Академија Смилевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0205-109/3-1
14.03.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 128 став 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015; 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016), врз основа на точка 10 член 97 од Статутот на Бизнис академија Смилевски – БАС, како и врз основа на член 20 и член 23 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Бизнис академијата Смилевски – БАС (пречистен текст декември 2014 година), на редовната 129 - та седница на Наставничкиот совет на БАС, одржана на 14.03.2018 година, Наставничкиот совет ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за избор на наставник во наставно звање

## Член 1

Се усвојува Реферaтот на Рецензионата комисија, **м-р Иван Ѓорѓиевски,** од Скопје, да се избере во наставно звање **предавач на висока стручна школа** за наставната област **Оперативен менаџмент** (Вовед во бизнис, Основи на менаџмент, Оперативен менаџмент 1, Оперативен менаџмент 2, Практикум по оперативен менаџмент, Надзорнички менаџмент, Менаџмент на квалитет, Оперативен менаџмент во текстилна индустрија).

## Член 2

Изборот во звање е за време од **4 (четири) години.**

## Член 3

Одлуката влегува на сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје распиша Конкурс за избор на наставник во наставно звање во постојан работен однос за наставната област Оперативен менаџмент, кој го објави во дневенниот весник „Слободен печат" на ден 26.12.2017 година.

На Конкурсот се пријави кандидатот м-р Иван Ѓорѓиевски.

Наставничкиот совет на Бизнис Академија Смилевски – БАС, Скопје на својата редовна 127 седница одржана на 30.01.2018 година формираше рецензиона комисија за изготвување на реферат и оценка за избор на наставник во наставно звање со постојан работен однос за наставната област Оперативен менаџмент, со одлука бр. 0205-10/1, во состав: проф. д-р Тони Соклевски - претседател, виш пред. м-р Благој Грубор и вон. проф. д-р Лидија Стефановска.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник во наставно звање во постојан работен однос, за наставната област Оперативен менаџмент, кој беше објавен на интернет страницата на Академијата на ден 21.02.2018 година, бр. 0401-94/1 од 21.02.2018 година.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Наставничкиот совет на БАС, м-р Иван Ѓорѓиевски да го избере во постојан работен однос во наставно завје предвач на висока стручна школа за наставната област Оперативен менаџмент.

Врз основа на тоа, Наставничкиот совет на редовната 129 седница одржана на 14.03.2018 година ја донесе оваа одлука.

**Директор на БАС**

**Виш пред. д-р Даниела Карадаков**

Одлуката да се достави до:

- Кандидатот;
- Досието на кандидатот;
- Архивата на БАС